# Мисли оној кој никогаш не греши, сигурно прави нешто погрешно.

## Осигурување од одговорност



# Осигурување на одговорност

Со ова осигурување се покрива одговорноста за штета која настанала, важи или е од  дејност на осигуреникот, од поседување ствари, од правен однос, или од одредено својство како извор на опасност, што се одбележани во полисата за осигурување, односно во понудата за осигурување.

Овие штетни настани можат да предизвикаат финансиска и економска несигурност кај правните или физички субјекти, а осигурувањето овозможува дополнителна сигурност во непреченото извршување на секојдневните професионални активности.

Со ова осигурување се покрива граѓанско-правната вондоговорена одговорност на осигуреникот за штети настанати поради смрт и повреди, како и оштетување или уништување на предметите кои се во сопственост на трети лица.

## Што сè може да се осигура?

- Општа одговорност;
- Професионална одговорност;
- Одговорност од производ;
- Одговорност на работодавецот кон вработените.

## Осигурување на одговорност од професионална дејност

Со склучување на ова осигурување се покрива одговорноста при извршување на професионална дејност за причинети штети на трети лица поради пропусти или грешки кои овластените лица и нивните вработени можат да ги направат при извршувањето на со Закон регистрираната дејност.

Со ова осигурување се гарантира надомест на штети за докажана одговорност од обавување на следните дејности:

- Нотари
- Ревизори
- Стечајни управници
- Судски извршители
- Брокерски друштва и друштва за застапување
- Лекари
- Адвокати
- Проектанти
- Туристички агенции
- Сметководители
- Геодети
- Инженери и др.

## Осигурување од одговорност од производ

Со ова осигурување се покрива одговорноста на производителот во случај на штета, која настанала од производот, кој осигуреникот односно овластеното лице го произведува и го испорачува како дел од своето деловно работење.

## Премија за осигурување

Премијата за ова осигурување се одредува врз основа на релевантни критериуми за утврдување на ризикот, кои се карактеристични за дејноста која се извршува како и од висината на осигурителното покритие.

## Попусти

- за повисоки франшизи.
- за навремено плаќање на премијата.
- за повеќегодишно осигурување.
- бонус за неисплатени штети во претходните години.

## Предности на осигурување од **ОДГОВОРНОСТ**

- покривање на одговорноста за причинети штети при обавување на дејноста.
- покривање на голем број ризици кои можат да ја загрозат финансиската стабилност.
- брзо и квалитетно решавање на отштетни побарувања.

## UNIQA на лице место

- **www.uniqa.mk**
  Овде можете да го најдете нашиот советник.

- **+389 (0) 2 32 88 800**
  Нашата корисничка поддршка е достапна од 8-16 часот секој работен ден.

- **info@uniqa.mk**
  Или едноставно испратете ни E-mail.

- **www.misli.uniqa.mk**
  Дознајте како се мисли со срцето за својата среќа.

**За повеќе информации прашајте го Вашиот личен советник за осигурување.**

Друштво за осигурување UNIQA ад Скопје, бул.Илинден 1, 1000 Скопје, Македонија